**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**

Јули, 2013 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

---

Предлог на
Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање

ПОТПИС: ______________________________

Скопје, јули 2013 година

**1.Осврт по материјалот:**

Предложените измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање се со цел да се олесни и поедностави постапката за донесување на урбанистички планови за село како и да се ослободат општините од плаќање на одредени трошоци во оваа постапка.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

Со оглед на тоа дека е констатирано дека во најголемиот број на села во Републиката нема донесено планска документација од причина што општините намаат финансиски средстав а тоа е оптеретување и за граќаните од руралните подрачја, со предложените измени и дополнувања ќе се овозможи намалување на трошоците на општините при изработка на урбанистичките планови за село како и трошоците при водењето на постапката за донесувањето на урбанистичкиот план за село се со цел за забрзување на економскиот и соцјален развој на селата. Ова заради фактот дека во Републиката во најголем број општините немаат донесено урнанистички планови за село со што не се во можност да одговорат на барањата на грѓаните за изградба на објекти за домување во стамбени куќи, јавни објкети, комрцијални објкети и објекти за спорт и рекреација.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на законот е доставен на мислење до: Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда, Министерство за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и до Агенцијата за планирање на просторот, ЗЕЛС, Агенција за катастар на недвижности.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање и истит да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

Предложените измени и дополнувања на законот ќе допринесат за негово

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:** Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

# ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br><br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање | 2. Министерство/Орган на државната управа:<br><br>Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот | 4. Вид на предлогот:<br>Закон за изменување и дополнување |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Рада филиповска, Раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-477 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност:

10. Врска со Владината програма:

| 11. Фискални импликации | (Во МКД) 2013 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:_________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/ Директор на државен орган | 24.07.2013 | Потпис на Министер | 24.07.2013 |

# В О В Е Д

## I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Потребата од изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање произлезе заради намалување на трошоците на општините при изработка на урбанистичките планови за село како и трошоците при водењето на постапката за донесувањето на урбанистичкиот план за село се со цел за забрзување на економскиот и соцјален развој на селата. Ова заради фактот дека во Републиката во најголем број општините немаат донесено урнанистички планови за село со што не се во можност да одговорат на барањата на грѓаните за изградба на објекти за домување во стамбени куќи, јавни објкети, комрцијални објкети и објекти за спорт и рекреација. Од овие причини се предлагаат измени и дополнувања на одредбите од Законот кои се однесуваат и за надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности, Министарството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина, а кои учествуваат во постапките за изработка и донесување на урбанистички планови за село.

## ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање ќе се обезбеди порационално и поефикасно уредување на просторот во селата како основа за забрзување на економскиот развој на руралните подрачја.

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање се заснова на истите начела на кој е донесен законот.

## III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Одедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјекти.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**Член 1**

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) во членот 12 ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„ Графичките прикази од ставот (2) на овој член содржат: граница на планскиот опфат која претставува граница на селото, граница на блок, намена на земјиштето и градбите, планско решение на примарната или секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија на сите примарни или секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури.

При разработка на најмалку еден блок графичките прилози содржат регулациони линии, граници на градежните парцели градежни линии, максимална висина на градбите изразена во метри до венец, планско решение за примарната и секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија на сите примарни и секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури."

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

„(5)Текстуалниот дел од ставот (2) на овој член содржи: општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите, податоци за сообрќајните, комуналните и телекомуникациските инфраструктури, параметри за спроведување на планот, стратешка оцена на влијанието врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина и мерки за заштита од разурнување. При разработка на најмалку еден блок, текстуалниот дел содржи посебни услови за градење за поединечни градежни парцели.

(6)Графичките прикази за урбанистички план за село од став 3 од овој член се изработуваат на дигитализирани катастарски планови или на архивски оригинали на катастарските планови во векторски формат на кои се ажурира постојната примарна или секундарна сообраќајна мрежа и постојната надземна и подземна примарна или секундарна инфраструктура, заверени од Агенција за катастар на недвижности."

Ставовите (5) , (6), (7) и (8) стануваат ставови (7) , (8), (9) и (10).

**Член 2**

Во членот 13 ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„Графичките прикази од ставот (2) на овој член содржат: граница на плански опфат, намена и начин на користење на просторот, граница на блок, планско решение за примарната или секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија на сите примарни или секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури. При разработка на најмалку еден блок графичките прикази содржат: намена на земјиштето и градбите, регулациони линии, граници на градежните парцели, градежни линии, максимална висина на градбите изразена во метри до венец, планско решение за примарната или секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија на сите примарни или секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури.

Текстуалниот дел од ставот (2) на овој член содржи: општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, податоци за сообрќајните, комуналните и телекомуникациските инфраструктури, други

параметри за спроведување на планот, стратешка процена на влијанието врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнување и друго. При разработка на најмалку еден блок текстуалниот дел содржи: посебни услови за градење за поединечни градежни парцели."

**Член 3**

Во членот 13 –а ставот (1) се менува и гласи:

„Со урбанистичките планови од членот 7 точка 2 алинеите 2, 3 и 4 на овој закон може да се уредува просторот и во границите на една градежна парцела доколку постои оформена градежна парцела и планиран колски пристап од секундарна сообраќајна инфраструктура."

**Член 4**

Во членот 15 по став (4 ) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Во случаите кога на барање на општината се изработуваат Услови за планирање на просторот за урбанистички план за село, за истите не се плаќа надоместот од став (4) на овој член"

Ставот (5) станува став (6).

**Член 5**

Во членот 15-а по ставот (7) се додаваат два нови става (8) и (9) кои гласат:

„ (8) Доколку со планската програма за изработка на урбанистички план за село не се зафаќаат нови земјоделски површини односно се работи за изградено подрачје на селото, изработувачот на планската програма е должен да достави и список на индикации за катастарски парцели со вкупна површина на планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности. Надлежниот орган од ставот (3) на овој член ја одобрува планската програма по добиена согласност дека нема потреба од трајна пренамена на земјоделското земјиште во градежно, од надлежниот орган согласно со Законот за земјоделско земјиште.

(9) Пред одобрување на проектот за инфраструктура надлежниот орган за одобрување на проектот за инфраструктура од член 51 – а на овој закон, го доставува истиот до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заради издавање на согласност за трајна пренамена на земјоделското земјште во градежно земјиште, доколку со проектот се зафаќаат нови земјоделски површини. Изработувачот на проектот е должен да достави и список на индикации за катастарски парцели со вкупна површина што се зафаќа со проектот за инфраструктура, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности.

Во ставот (8) кој станува став (10) по зборовите: „планска програма " се додаваат зборовите „односно проектот за инфраструктура".

Ставот (9) станува став (11).

**Член 6**

Членот 15-в се брише.

**Член 7**

Во членот 19 по став (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4) кои гласат:

„(2) По барање на општините, Агенцијата за катастар на недвижности за изработка на урбанистички план за село издава заверени дигитализирани катастарски планови или архивски оригинали на катастарските планови во векторски формат, без надомест.

(3) По барање на општините Агенцијата за катастар на недвижности ги нанесува урбанистичките планови за село, донесени пред стапување во сила на овој закон, на катастарски планови во дигитален или векторски формат и врши промена на културата без надомест.

(4) По барање на општините Агенцијата за катастар на недвижности врши дигитализација и векторизирање на заверени катастарски планови за предложениот–плански опфат за селата за кои за прв пат се донесува урбанистички план за село, без надомест.

Ставот 2 станува став ( 5).

**Член 8**

Во членот 29 во став (2) по алинеата 2 се додава нова алинеа 3 која гласи:

„- во постапката за изработување и донесување на урбанистички план за село, доколку во планскиот опфат на селото се планира намена домување и јавни и комерцијални намени, надлежниот орган на општината донесува одлука за неспроведување на постапката за стратешка оцена на влијанието врз животната средина на која позитивно мислење дава Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Член 9**

По членот 29 се додава нов член 29 - а кој гласи:

„Член 29—а

Донесувачот на урбанистичките планови од член 7 точка 2 на овој закон, државната урбанистичка планска документација, локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко планската документација за туристичка развојна зона и урбанистичко планската документација за автокамп и проектот за инфраструктура, должен е пред организирање на јавна анкета и јавна презентација од член 24 од овој закон, да обезбеди согласност за усогласеност на планската документација со катастарските подлоги од Агенцијата за катастар на недвижности.“

**Член 10**

Во членот 51-а по став (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Надлежниот орган од ставот (4) на овој член пред одобрување на проектот за инфраструктура, истиот го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заради издавање на согласност за трајна пренамена на земјоделското земјиште во градежно земјиште.“

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со предложените измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање се предлага да се измени законот во делот на одредбите со кои се регулира изработката на урбанистичките планови за село, постапката за донесување на урбанистички план за село, како и трошоците при водењето на постапката за донесувањето на урбанистичкиот план за село.

Така со предложените ченови 1 и 2 од Предлогот на законот се менуваат ставови од член 12 и член 13 од Законот во кои се разработува содржината на графичките прикази и на текстуалниот дел на урбанистичките планови за село и на урбанистичките планови за вон населено место.

Со членот 3 се прецизира одредбата на член 13-а од Законот во смисла дека со урбанистичка планска документација може да се уредува просторот и во границите на една градежна парцела само доколку постои оформена градежна парцела и планиран колски пристап од секундарна сообраќајна инфраструктура.

Понатаму со предложените измени на член 15 и 15-а всушност се прецизира дека кога општините изработуваат Услови за планирање на просторот за урбанистички план за село, за истите да не плаќаат надоместот односно трошоци, како и дека не треба да се врши пренамена на земјиштето во случаите кога со планската програма за изработка на урбанистички план за село не се зафаќаат нови земјоделски површини односно се работи за изградено подрачје на селото, изработувачот на планската програма е должен да достави и список на индикации за катастарски парцели со вкупна површина на планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности, а надлежниот орган ја одобрува планската програма по добиена согласност дека нема потреба од трајна пренамена на земјоделското земјиште во градежно, од надлежниот орган согласно со Законот за земјоделско земјиште. Исто така, се пропишува и дека пред одобрување на проектот за инфраструктура надлежниот орган за одобрување на проектот за инфраструктура од член 51 – а на овој закон, го доставува истиот до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заради издавање на согласност за трајна пренамена на земјоделското земјште во градежно земјиште, доколку со проектот се зафаќаат нови земјоделски површини.

Со членот 6 од Предлогот на законот се брише членот 15-в од причина што со измените на Законот за градежно земјиште е предвидено да се отуѓи земјиштето со непосредна спогодба на лицата кои ги легализирале објектите, без да се ограничува површината на градежната парцела, со цени определени со пропис предвиден од Законот за градежно земјиште.

Со предлогот се предлагаат дополнувања на одредбите од Законот со кои се создава законска обврска за Агенцијата за катастар на недвижности во однос на издавање на заверени дигитализирани катастарски планови, без надомест, како и дека во постапката за изработување и донесување на урбанистички план за село, доколку во планскиот опфат на селото се планира намена домување и јавни и комерцијални намени, надлежниот орган на општината донесува одлука за неспроведување на постапката за стратешка оцена на влијанието врз животната средина на која

позитивно мислење дава Министерството за животна средина и просторно планирање.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување и дополнување на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна правилна и целосна имплементација.

## IV. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања ќе се овозможи забрзување на економскиот и социјален развој на селата. Ова заради фактот што во Републиката во најголем број општините немаат донесено урбанистички планови за село со што не се во можност да одговорат на барањата на грѓаните за изградба на објекти за домување во стамбени куќи, јавни објекти, комрцијални објекти и објекти за спорт и рекреација. Од овие причини Агенцијата за катастар на недвижности, Министарството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина кои учествуваат во постапките за изработка и донесување на урбанистички планови за село се задолжуваат обврските кои ги имаат да ги вршат без надомест.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 12

(1) Урбанистички план за село се донесува за подрачје на населено место во општината од селски карактер.

(2) Урбанистички план од ставот (1) на овој член содржи текстуален дел и графички прикази на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби според намената и за инфраструктурата.

(3) Графичките прикази од ставот (2) на овој член содржат: граница на планскиот опфат,намена на земјиштето и градбите планско решение на примарната сообраќајна мрежа и плански решенија на сите примарни комунални и телекомуникациски инфраструктури, а за населените места од селски карактер со густа изграденост на градби, графичките прилози содржат и регулациони линии, градежни линии, граници на градежните парцели, планско решение за секундарната сообраќајна мрежа и плански решенија на сите секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури.

(4) Текстуалниот дел од ставот (2) на овој член содржи: општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите, податоци за сообраќајните,комуналните и телекомуникациските инфраструктури, параметри за спроведување на планот, стратешка процена на влијанието врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнување, а за населените места од селски карактер со густа изграденост на градби, текстуалниот дел содржи и посебни услови за градење за поединечни градежни парцели. Дали се работи за населени места со густа или ретка изграденост согласно со прописите за планирање на просторот, одлучува донесувачо напланот во годишната програма за изработување на урбанистички планови од членот 17 на овој закон.

(5) Билансните показатели од ставот (2) на овој член содржат: податоци за површините, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на планскиот опфат согласно со стандардите и нормативите за уредување на просторот.

(6) Урбанистичкиот план за село се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот согласно со закон. Изменување и дополнување на урбанистичкиот план за село со кое се врши проширување на планскиот опфат, се врши врз основа на услови за планирање на просторот за делот за кој се проширува планскиот опфат.

(7) Податоците за постојната состојба, можностите за просторниот развој програмските проекции за просторниот развој претставуваат документациона основа на урбанистичкиот план за село, која е прилог на планот.

(8) Урбанистичкиот план за село во чијшто плански опфат постојат споменици, споменички целини од рурален карактер и други заштитени добра со статус на културно наследство требад содржат

детални параметри за заштита на недвижното културно наследство.

**Член 13**

(1) Урбанистички план вон населено место се донесува по потреба за плански опфат, за подрачја на општините кои не опфатени со генералните урбанистички планови и со урбанистичките планови за село. Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на комплекси и градби вон од градовите и другите населени места.

(2) Урбанистички план од ставот (1) на овој член содржи текстуален дел и графички прикази на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби според намената и за инфраструктурата.

(3) Графичките прикази од ставот (2) на овој член содржат: граница на планскиот опфат и намена и начин на користење на просторот, а за комплекси и градби треба да содржат намена на земјиштето и градбите, регулациони линии, парцелација на градежното земјиште, површини за градење на градби определени со градежни линии, максимална висина на градбите изразена во метри до венец, планско решение на примарната и секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија на сите примарни и секундарни комунални и телекомуникациски инфраструктури.

(4) Текстуалниот дел од ставот (2) на овој член содржи: општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, посебни услови за изградба за поединечни градежни парцели, податоци за сообраќајните, комуналните и телекомуникациските инфраструктури, други параметри за спроведување на планот, стратешка процена на влијанието врз животната средина, мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина, мерки за заштита од разурнувања и друго.

(5) Нумеричкиот дел од ставот (2) на овој член содржи: податоци за површините на градежни парцели, планираните површини за градење, максималната висина на градбите изразена во метри до венец, податоци за инфраструктурните водови и градби и друго.

(6) Урбанистичкиот план вон населено место се донесува врз основа на издадени услови за планирање на просторот согласно со закон.

(7) Податоците за постојната состојба, можностите за просторниот развој и програмските проекции за просторниот развој претставуваат документациона основа на урбанистичкиот план вон населено место, која е прилог на планот.

(8) Урбанистичкиот план вон населено место во чијшто плански опфат постојат споменици, споменички целини, културни предели и други заштитени добра со статус на културно наследство, треба да содржат детални параметри за заштита на културното наследство.

**Член 13-а**

(1) Со урбанистичките планови од членот 7 точка 2 алинеи 2, 3 и 4 на овој закон предмет на планирање може да биде и една градежна парцела, а може да се врши и нивно изменување и дополнување во рамките на една градежна парцела, доколку постои изградена сообраќајна секундарна инфраструктура.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, урбанистичките планови се донесуваат во постапка утврдена во членот 24 од овој закон, а јавната анкета трае од најмалку пет до најмногу десет работни дена.

**Член 15**

(1) За согледување на планските можности за планирање на просторот односно изготвување на урбанистички планови освен детален урбанистички план, донесувачот на планот е должен да побара услови за планирање на просторот, од органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторното планирање, согласно со закон. Услови за планирање на просторот не се бараат при изработување на урбанистички планови и измени и дополнувања на урбанистички планови доколку тие се прават во период кога е на сила истиот Просторен план на Република Македонија според кој претходно се издадени услови за планирање на просторот за истиот плански опфат. Со барањето за издавање за услови за планирање на просторот се доставува предлог планска програма изработена согласно со членот 15-а од овој закон и известување од единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е планскиот опфат со кое се потврдува дали претходно за предметниот плански опфат се издадени услови за планирање.

(2) За изготвување на државна и локална урбанистичка планска документација, урбанистичко планска документација за туристичко развојна зона, урбанистичко планска документација за автокамп и проект за инфраструктура, инвеститорот или изработувачот на истите е должен да достави барање за издавање на услови за планирање на просторот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на просторното планирање кон кое се доставува:

- предлог на планска програма изработена согласно со членот 15-а од овој закон, а при изработка на проект за инфраструктура предлог на проектна програма со текстуален дел и со графички прилог со граница на проектниот опфат исцртан на топографска карта и
- известување од единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е планскиот или проектниот опфат, дали предложениот опфат е во состав на плански опфат на важечки урбанистички план или на урбанистички план во постапка на донесување, а доколку со урбанистичко планската документација се уредува простор во плански опфат се доставува известување од единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е планскиот опфат со кое се потврдува дали претходно за предметниот плански опфат се издадени услови за планирање.

(3) Условите за планирање на просторот од ставот (1) и ставот (2) на овој член се издаваат во рок од 15 дена од денот на поднесеното

барање.
(4) Трошоците за изработување на условите од ставот (1) и ставот (2) на овој член паѓаат на товар на барателот, освен во случаите кога се бараат услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички планови, урбанистичко плански документации и проекти за инфраструктура чија изработка е финансирана од Буџетот на Република Македонија.
(5) Доколку надлежниот орган во рокот утврдени во ставот (3) на овој член не донесе решение за услови за планирање на просторот, ќе се смета дека позитивно е одговорено по барањето поднесено согласно со ставот (1) од овој член.

**Член 15-а**

(1) Урбанистичките планови од членот 7 точка 2 на овој закон, државната урбанистичка планска документација локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона и урбанистичко-планската документација за автокамп се изработуваат врз основа на планска програма со која се предлага границата и содржината на планскиот опфат. Планската програма се состои од текстуален и графички дел.
(2) Планската програма ја изработува овластено правно лице од членот 18 на овој закон по барање на донесувачот на урбанистичките планови од членот 7 точка 2 на овој закон, односно по барање на барателот за одобрување на државната и локалната урбанистичка планска документација, односно урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона и урбанистичко-планска документација за автокамп.
(3) Планската програма за урбанистичките планови од членот 7 точка 2 и за локалната урбанистичка планска документација од овој закон ја одобрува градоначалникот на предлог на Комисијата од членот 17 став (4) на овој закон, а за државната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона и урбанистичко-планска документација за автокамп ја одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот на предлог на Комисијата од членот 31 став (2) на овој закон. Одобрената планска програма се заверува со печат и потпис од страна на членовите на надлежната комисија.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член планската програма за урбанистичките планови за четврт кои се изработуваат за подрачјето на градот Скопје се изработува на барање на општините во градот Скопје чие подрачје е опафтено со истата. Планската програма од страна на општините се доставува до градот Скопје, а истата ја одобрува градоначалникот на градот Скопје на предлог на комисијата која е формирана во градот Скопје согласно со членот 17 став (4) од овој закон. Одобрената планска програма се заверува со печат и потпис од страна на членовите на комисијата.
(5) Пред одобрување на планската програма за урбанистичките планови, државната и локалната урбанистичка планска документација од членот 11-а на овој закон согласност дава Министерството за одбрана, а за урбанистичките планови од членот 11-б на овој закон согласност дава Министерството за култура.

(6) Доколку со планската програма за урбанистичките планови од членот 7 точка 2 од овој закон, односно за државната урбанистичка планска документација, локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона и урбанистичко-планската документација за автокамп се зафаќаат нови земјоделски површини, изработувачот на истата е должен да достави и список на индикации за катастарски парцели со вкупна површина на планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член надлежниот орган за одобрување на планска програма од ставот (3) на овој член, доставува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделското земјиште во градежно, до органот на државна управа надлежен за работите од областа на земјоделството, кон кое ја доставува планската програма и списокот на индикации за катастарски парцели со вкупна површина на планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности.

(8) Надлежниот орган од ставот (3) на овој член ја одобрува планската програма по добиена согласност за трајна пренамена на земјоделското земјиште во градежно согласно со Законот за земјоделско земјиште.

(9) Евентуалните трошоци за пренамена на земјоделското земјиште во градежно (трошоци за вршење на процена на евентуалната штета, како и за надоместок на евентуална штета поради престанување на договори за закуп), се обврска на донесувачот на урбанистичките планови од членот 7 точка 2 од овој закон, односно подносителот на барањето за одобрување на државната урбанистичка планска документација, локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона и урбани стичко-планската документација за автокамп.

**Член 15-в**

При изработка на урбанистичките планови и урбанистичко планската документација со која се врши вклопување на објекти за кои е донесено решение за утврдување на правен статус согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти, процентот на изграденост при формирањето на градежната парцела на која е изграден објектот, доколку земјиштето е сопственост на Република Македонија, треба да изнесува најмалку 70%.

**Член 19**

(1) Урбанистичките планови и државната и локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона и урбанистичко-планска документација за автокамп се изработуваат на ажурирани геодетски подлоги, во соодветен размер, согласно созакон.

(2) Континуираното ажурирање на геодетските подлоги е обврска на донесувачот на планот кој ги сноси и трошоците за ажурирањето.

## Член 29

(1) По барање на изработувачот на плановите од членот 7 точка 2 на овој закон, државната и локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона, урбанистичко-планска документација за автокамп и проектот за инфраструктура, органите на државната управа и другите субјекти кои ги вршат работите од областа на образованието, земјоделството, водостопанството, заштитата и спасувањето, противпожарната заштита, здравствената заштита, транспортот и врските и државните патишта се должни да му ги достават сите податоци и информации со кои располагаат, потребни за изработка на наведените планови, државната и локалната урбанистичка планска документација и проектот за инфраструктура, во рок од осум работни дена од денот на приемот на барањето. Поради сложеноста на работите, органот на државната управа и другите институции кои ги вршат работите од областа на културата, податоците и информациите се должни да ги достават во рок од 15 работни дена од денот на приемот на барањето.

(2) Органите надлежни за донесување на плановите од членот 7 точка 2 на овој закон, односно изработувачот на државната и локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона, урбанистичко-планска документација за автокамп и на проектот за инфраструктура е должен да побара податоци и информации од органот надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање во постапката за:

- донесување на генерален урбанистички план;
- донесување на детален урбанистички план и урбанистички план за четврт доколку не била спроведена постапка за оцена на влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето при донесувањето на генералниот урбанистички план, а во планскиот опфат се уредува простор за изградба на градби за чија реализација е утврдено спроведување на постапка за оцена на влијание на проектот врз животната средина во рамките на планскиот опфат на урбанистичкиот план или постои заштитено подрачје, односно споменик на природата и
- донесување на урбанистичкиот план за село, урбанистичкиот план за вон населено место, одобрување на државната урбанистичка планска документација, на локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона, урбанистичко-планска документација за автокамп и на проект за инфраструктура, доколку во планскиот опфат се уредува простор за изградба на градби за чија реализација е утврдено спроведување на постапка за оцена на влијание на проектот врз животната средина во рамките на планскиот опфат на урбанистичкиот план или постои заштитено подрачје, односно споменик на природата.

(3) Органот надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање е должен да одговори на барањето од ставот (2) на овој член во рок од осум работни дена од денот на

приемот на барањето.
(4) По барање на органите надлежни за донесување на плановите од членот 7 точка 2 на овој закон, односно по барање на изработувачот на државната и локалната урбанистичка планска документација, урбанистичко-планската документација за туристичка развојна зона, урбанистичко-планска документација за автокамп и проектот за инфраструктура, сите правни лица кои вршат комунални работи, односно стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи, како што се водоводот и канализацијата, електричното напојување, топловодот, гасоводот, фиксната телефонија и други, се должни да учествуваат во планирањето на примарните и секундарните инфраструктурни мрежи и да ги направат достапни нивните подземни катастри и развојни планови во рок од седум дена од денот на приемот на барањето.
(5) Доколку субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член не ги достават податоците и информациите во определениот рок од ставот (1) на овој член,односно правните лица од ставот (4) на овој член не ги направат достапни нивните податоци и информации, ќе се смета дека субјектите од ставовите (1),(2) и (4) на овој член не располагаат со потребните податоци и информации, при што евентуалните идни штети настанати поради недоставувањето на податоците и информациите ќе бидат на товар на субјектите кои не ги доставиле потребните податоци и информации, односно не одговориле на барањето.
(6)Планските решенија на комуналните инфраструктури се изработуваат во урбанистичките планови од членот 7 точка 2 алинеја 2 на овој закон на таков начин што ги содржат сите параметри за приклучување кон градските мрежи за секоја градежна парцела поединечно.
(7)Податоците и информациите од овој член се составен дел и прилог на документационата основа на планот, планската документација и проектот за инфраструктура.

**Член 51-а**

(1) Проектот за инфраструктурата содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи (шахти, бунари, мерни станици, потпорни ѕидови, мостови, вијадукти, пропусти, натпатници, потпатници, тунели, клучки и друго) во текстуален дел и графички прилози и ја прикажува трасата на инфраструктурата и истиот се изработува врз основа на извод од просторен план или услови за планирање на просторот или извод од урбанистичките планови од членот 7 точка 2 од овој закон или извод од државната урбанистичка планска документација или извод од локална урбанистичко планска документација или извод од урбанистичко планска документација за туристичка развојна зона или извод од урбанистичко планска документација за автокамп. Со проектот за инфраструктура за инфраструктурни објекти составени од повеќе делови од кои најмалку еден дел претставува линиска инфраструктура покрај трасата на инфраструктурата се утврдуваат и површините за градење на деловите од објектот со кои инфраструктурниот објект претставува градежна и функционална целина.
(2) Проектот за инфраструктура содржи студија за оцена на

влијанието на проектот врз животната средина, односно елаборат за заштита на животната средина одобрени од надлежен орган, доколку со прописите од областа на животна средина е предвидено изработка на студија, односно елаборат за тој вид на инфраструктура.
(3) Проектот за инфраструктура го изработува правно лице кое е носител на лиценца за изработка на урбанистички планови или правно лице кое е носител на лиценца за изработка на проектна документација и на истиот задолжително се врши стручна ревизија согласно со одредбите од овој закон од страна на правно лице кое е носител на лиценца за изработка на урбанистички планови или правно лице кое е носител на лиценца за ревизија на проектна документација кои не учествувале во изработката на проектот.
(4) Проектот за инфраструктура за линиски инфраструктурни објекти од прва категорија утврдени со Законот за градење, се доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, за линиски инфраструктурни објекти од втора категорија утврдени со Законот за градење до општината на чие подрачје се предвидува инфраструктурниот објект, а за магистрални и собирни улици на подрачјето на градот Скопје, како и за линиски инфраструктурни објекти чија изградба согласно со Законот за градот Скопје е во надлежност на градот Скопје се доставува до градот Скопје, со барање за одобрување на истите.
(5) Надлежниот орган од ставот (4) на овој член до кого е доставен проектот за инфаструктура утврдува дали проектот е изработен согласно со стандардите за проектирање и стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, по што е должен да го одобри проектот со ставање на заверка и печат на истиот или да донесе решение за одбивање на барањето за одобрување, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.
(6) По одобрувањето еден примерок од проектот за инфраструктура во електронски формат се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности.
(7) Проектот за инфраструктура се употребува по негово одобрување и исполнување на обврската од ставот (6) на овој член.
(8) Формата и содржината на барањето за одобрението од ставот (4) на овој член и потребната документација ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Образец бр.1

# План за спроведување
# на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Рада Филиповска<br>3 145 477 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | јули 2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата** (забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Потребата од изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање произлезе заради намалување на трошоците на општините при изработка на урбанистичките планови за село како и трошоците при водењето на постапката за донесувањето на урбанистичкиот план за село се со цел за забрзување на економскиот и соцјален развој на селата. Ова заради фактот дека во Републиката во најголем број општините немаат донесено урнанистички планови за село со што не се во можност да одговорат на барањата на грѓаните за изградба на објекти за домување во стамбени куќи, јавни објкети, комрцијални објкети и објекти за спорт и рекреација. Од овие причини се предлагаат измени и дополнувања на одредбите од Законот кои се однесуваат и за надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности, Министарството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина, а кои учествуваат во постапките за изработка и донесување на урбанистички планови за село.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки на закони би можеле да се разгледаат?

Со донесување на предложените измени и дополнувања на законот во општините би се поедноставила постапката за донесување на планска документација за селата се со цел да се овозможи на граѓаните да можат да градат објекти во руралните подрачја.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Државни органи, институции и општини.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Констатирано е дека во најголем број на рурални подрачја во Републиката нема донесено урбанистички планови предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање. .

Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

2. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   НЕ

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите започнаа во јуни 2013 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Нема потреба од вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   Во јули 2013 година

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Наслов на предлог законот:**
Предлог на Закон за изменување и дополнување на
Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Министерство / Лице за контакт/одговорно лице:**
Министерство за транспорт и врски, Рада Филиповска тел. 3 145 477

**Очекуван датум за усвојување на предлог законот:**
јули 2013 година

**Поврзаност со ЕУ директиви**
*Нема*

Образец бр. 2

Иницијална проценка на влијание на регулативата

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. Опис на проблемите

Констатирано е дека во најголем број на рурални подрачја во Републиката нема донесено урбанистички планови предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање, а со предложените измени и дополнувања на законот ќе се олесни на општините во изготвувањето и донесувањето на урбанистичките планови за села и за вон населени места.

**Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со предложените решенија во предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ќе се олесни на општините како од финансиски аспект, така и со поедноставување на постапката во изготвувањето и донесувањето на урбанистичките планови за села и за вон населени места.

Идентификација на можни решенија (опции)

Опција 1:

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција):

Опис:

1. Трошоци

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  ДА

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

2. Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни
- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

3. Ризици и претпоставки

4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| **Влијание врз правата на граѓаните** | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**
2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**
3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници: | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | Свое мислење дадоа следниве организации: | |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | НЕ |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | Вградено |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

............................................................................... Датум: 24.07.2013